





# УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ТВОЈОТ ПАРИЧНИК







УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ТВОЈОТ ПАРИЧНИК

Издавач: Народна банка на Република Македонија
бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр.1, 1000 Скопје

Авторка: Ефтимија Павловска
Авторски права: Народна банка на Република Македонија
Уредник: Катерина Христовска
Лектура: Бисера Павлеска-Георгиевска

Дизајн: Тонка Митрова
Графичка подготовка и печат: ЕВРОПА 92 ДООЕЛ
Крижевска бр.52, Кочани
Тираж: 3000
Место и година на издавање: Скопје 2016

© Народна банка на Република Македонија, 2016
Сите права се задржани

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ТВОЈОТ ПАРИЧНИК

Скопје, 2016

## СОДРЖИНА
















Увод 5
Македонските книжни пари 6
Дизајнот на македонските книжни пари 7
Фалсификување и заштитни мерки на македонските книжни пари 8
10 денари 10
Култовите и религиите во Македонија 12
50 денари 14
Византиската уметност во Македонија 16
100 денари 18
Градската архитектура во Македонија 20
500 денари 22
Погребните обичаи и верувања 24
1000 денари 26
Црковната архитектура и сликарството во средниот век 28
5000 денари 30
Култот на Дионис - неговиот симболизам и христијанската преобразба 32
Провери го своето памтење! 34
Креирај изглед на своја книжна пара! 36



# Увод

Парите, како средство за плаќање во секојдневието, не постоеле од секогаш во формата во којашто се познати денес. Пред појавата на парите, луѓето првобитно се служеле со размена. Така, тие меѓусебно разменувале добиток, жито, орудија, школки, сол и други стоки, коишто всушност претставувале платежно средство. Подоцна и металите, пред сè благородните (злато и сребро) станале општо средство за размена, така што и тие се користеле како пари.
Бидејќи ова со текот на времето станало сложено, за да си олеснат, луѓето започнале да коваат пари од метал и првите ковани пари (монети) се појавиле пред повеќе од 2600 години.
Една монета, вообичаено, не вредела многу, а некогаш и немало доволно метал за да се искова потребниот број на пари, така што и употребата на монети не била најсоодветна. Затоа, пред повеќе од 1000 години започнала и употребата на првите книжни пари.

### Дали знаете дека...

Зборот *монета*, којшто денес означува метална пара, доаѓа од епитетот Монета (од лат. *monere* – предупредува, советува) на древната римска божица Јунона. Токму во храмот на Јунона Монета во древниот Рим се наоѓала ковницата, каде што цели 400 години се ковале римските пари.

### Дали знаете дека...

Првите монети потекнуваат од почетокот на 6 век пред н. е., од почвата на денешна Турција, од древното кралство Лидија. Тие биле направени од електрум, т.е. од природна мешавина на злато и на сребро.

### Дали знаете дека...

Првите книжни пари потекнуваат од Кина, а биле издадени во 10 век од страна на кинескиот царски трезор.
Во Европа, пак, книжни пари за првпат биле употребени пред само 350 години. Биле воведени во 17 век, во Шведска, од страна на Јохан Палмструх.

### Дали знаете дека...

Денес парите можат да бидат и електронски. Тие се во вид на електронски сигнали, коишто се чуваат во компјутерската меморија на банките, на сметките на комитентите на банките. За плаќање, пак, се користат и платежни банкарски картички.

# Македонските книжни пари

Република Македонија, својата национална валута – *денарот*, ја воведе на 26 април 1992 година, на денот на нејзиното монетарно осамостојување. Македонскиот денар е законско платежно средство во Република Македонија, а единствено Народната банка на Република Македонија има право да ги издава македонските книжни и ковани пари.
Книжните пари коишто денес се употребуваат во Република Македонија, за првпат беа пуштени во оптек на 8 септември 1996 година. Ова издание на книжни пари е поделено на шест парични вредности (апоени) од 10, 50, 100, 500, 1000 и од 5000 денари. Парите со пониска вредност се испечатени во печатницата „11 Октомври“ во Прилеп. Оние, пак, со повисока вредност (500, 1000, 5000 денари) во британската печатница „Томас де ла Ру“.

Дали знаете дека...

**Македонската национална валута своето име го добила според истоимената античка римска валута денар (лат. *denarius*). Оваа монета за првпат била искована во 211 година пред н. е., а се употребувала и на нашата почва во минатото.**

Дали знаете дека...

**Употребата на првите книжни пари во независна Република Македонија започна на 27 април 1992 година. Првите пари, всушност, беа вредносни бонови коишто се употребуваа сè до нивната замена со првото стандардизирано издание на книжни пари. Тоа беше пуштено во оптек на 10 мај 1993 година. Првите две изданија на пари беа дизајнирани и печатени во прилепската печатница „11 Октомври“.**

# Дизајнот на македонските книжни пари

Покрај јасно назначената вредност, авторитетот којшто ги издава и елементите за заштита, значајно обележје на книжните пари е и нивниот изглед и претставите на нив. Вообичаено се прикажуваат личности кои со своето постоење оставиле печат во историјата на одредена држава, културни знаменитости, традиционални белези, природни реткости и сè она што е специфично за одредено поднебје.



Изгледот на денешните македонски книжни пари беше осмислен од ликовната уметница Билјана Унковска. На нив, живописно и оригинално, се претставени предмети од културното наследство на Република Македонија. Така, со исключок на единствената растителна претстава на задната страна на парата од 500 денари, останатите банкноти ги отсликуваат најзначајните археолошки откритија, икони, фрески и архитектонски градби од различни времиња на македонската историја.

Едноставно, книжните пари на Република Македонија ја раскажуваат приказната за нејзините убавини!

# Фалсификување и мерки за заштита на македонските книжни пари

Фалсификувањето на пари постои уште од многу одамна. Кога употребата на монетите станала широко распространета, започнало и нивното фалсификување. Подоцна, тоа се случило и со книжните пари.

Народната банка на Република Македонија, како и останатите централни банки во светот, при процесот на изработка на банкнотите, презема различни мерки за да се спречи фалсификувањето. Тие, пред сè, се прават од посебна хартија, а на парата се поставуваат и различни заштитни знаци, што треба да го отежнат фалсификувањето.

Така, македонските банкноти содржат: **воден печат, заштитен конец, длабок (инталјо) печат, скриена слика, микротекст, двоен пасер, оптички променлива боја и асиметрична нумерација.** Но, во 2003 година, заради поголема заштита, на парите од 500 и од 1000 денари, им беа додадени и други посложени заштитни знаци. Банкнотата од 500 денари има и **метална фолија** со втиснат број 500 и **апликација** на антична обетка. Банкнотата од 1000 денари, пак, има **холограмска апликација** со географската карта на Република Македонија и бројот 1000.

Дали знаете дека...

Македонските книжни пари се изработуваат од висококвалитетна хартија составена од 100% памучни влакна.



Асиметрична нумерација,
1000 денари



Заштитен конец,
50 денари




Метална фолија,
500 денари




Боја чувствителна
на светлост,
10 денари



Холограмска апликација,
1000 денари



Двоен пасер,
1000 денари



Воден печат,
5000 денари



Микротекст,
100 денари

# 10 денари




*Предна страна:* мермерно торзо на египетската божица Изида (2 век пред н. е.), *Охрид*; лево, златна чунеста обетка (4 век пред н. е.), с. Беранци, Битола. На левата страна, горе, јонски капител (ран 6 век), *Стоби*; долу, мермерна биста на Тит Флавиј Филоксен (2 век), *Стибера*, с. Чепигово, Прилеп.




*Задна страна:* паун, детаљ од подниот мозаик во крстилницата на Епископската базилика (4/5 век), Стоби, Градско; на десната страна, горе, јонски капител.

# Култовите и религиите во Македонија



Изида била божица на плодноста и на мајчинството во древната египетска религија, а била заштитничка и на природата и на магијата. Нејзиното обожување се проширило и надвор од границите на Египет, на широка територија низ хеленскиот, а особено низ римскиот свет. Таа била почитувана и на македонска почва, за што сведочат бројните култни места, како и храмот во древниот град Стоби којшто ѝ е посветен нејзе.

Мермерното торзо на Изида од 2 век пред н. е. коешто преовладува на предната страна на парата е откриено во Охрид, токму во една од култните градби посветени на Изида.



Лево, веднаш до Изида, е вметната претстава на златна обетка со чунеста форма, од 4 век пред н. е. Таа е откриена во гроб на млада принцеза, кај денешното с. Беранци, битолско и претставува врвно дело на тогашното златарство. Локалната аристократија во Македонија ја следела модата од тоа време, којашто доаѓала од хеленскиот југ, од уметничките ателјеа на Халкидик.



Тит Флавиј Филоксен бил син на Тит Флавиј Орест, добротворот и првосвештеникот на градот Хераклеја Линкестидска (Битола). Неговата мермерна биста од 2 век, којашто била откриена во античкиот град Стибера (с. Чепигово, Прилеп), е илустрирана долу, на левата страна на банкнотата.





Паунот прикажан на задната страна на парата е детаљ од мозаик (5/6 век), којшто го краси подот во крстилницата на Епископската базилика (4/5 век) во стариот град Стоби. Оваа базилика е всушност и најстариот христијански храм во Македонија. Мозаикот раскошно го отсликува 41. Давидов псалм којшто ја објаснува библиската идеја за спас на христијанската душа преку крштевањето и причестувањето. Централен мотив е Божјиот извор (кантарос) од кој тече животодарната вода. Околу него, едни спроти други, се прикажани жедните верници (елени, пауни и барски птици). Пауните истовремено ги симболизираат воскресението, бесмртноста и вечниот живот.

# 50 денари




*Предна страна:* бакарна монета (фолес) на византискиот цар Јустин II (565-578), урамена во декоративна арка, црква Св. Пантелејмон (1164 г.), с. Горно Нерези, Скопје; лево триаголен бронзен приврзок (7-6 век пред н. е.), локалитет Сува Река - Парагон, Гевгелија; на левата страна, горе, Архангел Гаврил, долу, две преплетени крилести змии, детаљ од двокрилната плитко резбана врата, црква Св. Јован Претеча (16 век), с. Слепче, Демир Хисар.




*Задна страна:* Архангел Гаврил, детаљ од олтарната фреска Богородица со Исус Христос на престол, црква Св. Ѓорѓи (1191 г.), с. Курбиново, Ресен; на десната страна, горе, Архангел Гаврил, долу, детаљ од неговата облека.

# Византиската уметност во Македонија



Во времето на византиската династија Комнени биле подигнати неколку црковни градби во Скопскиот Регион. Една од нив е и црквата посветена на св. Пантелејмон. Неа, во 1164 година, на својот посед во с. Горно Нерези ја изградил принцот Алексеј Ангел, внук на царот Алексеј I Комнен. Заштитникот на црквата, светиот лекар Пантелејмон е насликан на фреско-икона до иконостасот. Прикажан е како нежно момче со скалпел и со кутија за лекови во рацете. Неговата фигура е урамена во штуко рамка, еден од најубавите примери за камена резба.

Токму оваа украсна рамка е претставена на предната страна на банкнотата, но, наместо ликот на св. Пантелејмон, тука ја нагласува бакарната монета кована од царот Јустин II (565-578), видена од нејзината задна страна.

Јустин II дошол на византискиот престол по смртта на Јустинијан I во 565 година. Тој се обидел да ја подобри затекнатата состојба во Империјата и презел некои смели зафати. Ги отплаќал државните долгови, ги намалил даноците, а направил и обид за контрола врз изданијата на пари. Неговите пари се чест наод на локалитетите во Македонија.

Монетата којашто е тука претставена била кована во Никомедија (денешен Измит, Турција) во 570-571 година и имала вредност од 40 нумии. Тоа може да се види на нејзината задна страна. Предната, пак, го прикажува царскиот пар (Јустин II и Софија).





Малата црква посветена на св. Ѓорѓи во преспанското село Курбиново била изградена во 1191 година. Нејзиниот ктитор за жал е непознат, но им припаѓал на високите благороднички кругови. Фрескосликарството во оваа црква претставува врвно ремек-дело на византиската уметност на Комнените во Македонија.

На задната страна на банкнотата преовладува Архангел Гаврил, детаљ од фреската прикажана во олтарната апсида на оваа црква. Целосната слика се состои од приказ на Богородица на престол со разиграниот Исус во рацете; лево од нив е Архангел Гаврил, а десно Архангел Михаил.

# 100 денари




*Предна страна:* таванска розета (19 век), ажурна резба, албанска куќа, Дебар; на левата страна, горе, горен дел од модел на куќа со божица (6 милениум пред н. е.), с. Говрлево, Скопје, долу, бакарни садови – саани со капак и ибрик (18 и 19 век), Скопје.




*Задна страна*: гравура на градот *Скопје* (1594 г.), прозорец од албанска куќа, Дебар; на десната страна, горе, долен дел од моделот на куќа *со божица*, долу, натпис *SCOPIA*, детаљ од гравурата.

# Градската архитектура во Македонија



Во 19 век во Македонија, многу била застапена резбата во дрво во внатрешното украсување на традиционалните куќи; најпозната била дебарската резба, со свој карактеристичен стил. Богатите семејства во градските средини, а поретко и во селските, таваните на своите куќи ги декорирале со резбани розети. Таванот во куќата го симболизира небото, а розетата сонцето, коешто внесува светлина, топлина и среќа во семејството.

Розетата на предната страна на банкнотата е дел од резбан таван од албанска градска куќа во Дебар. Изработена е во ажурна резба.

Во 6 милениум пред н. е., во некои од куќите за живеење во Скопскиот Регион имало и култни предмети со хибриден изглед. Тоа биле модели на куќи со изглед на жена (божица) во горниот дел. Познати се и како т.н. „Големи мајки", а се поврзуваат со заштитата на домот и на семејството, но и со плодноста.

Моделот на куќа со бремена божица што е прикажан на банкнотата е откриен на локалитетот Церје, кај скопското село Говрлево.





Трите бакарни садови коишто се прикажани на банкнотата - еден ибрик за чување и за потурање вода (18 век) и два саани со капак за послужување храна (18/19 и 19 век), биле произведени во градот Скопје, којшто бил значаен центар за изработка на казанџиски предмети во османлискиот период. Во скопската чаршија постоела и казанџиска улица, именувана според овој занает, во која имало дури 11 казанџиски дуќани во 19 век.




Благодарение на својата географска положба, градот Скопје, уште пред отоманското освојување (1392 г.), се издигнал како важен трговски, економски, но и воено-административен центар. Во 16 век градот Скопје имал уште поголемо значење во Турската Империја, кога прераснал и во седиште на санџак (голема административна единица). Изгледот на Скопје, од овој период, со неговата градска архитектура, е овековечен на гравурата од 1594 година, изработена од холандскиот графичар Јакобус Харевин, којашто се чува во Нирнберг. Таа е и спомен за убавините на Скопје, коишто биле уништени по опожарувањето на градот од страна на австрискиот генерал Силвио Пиколомини во 1689 г.

Гравурата, прикажана на задната страна на банкнотата, е видена низ прозорец од албанска куќа од Дебар.

# 500 денари




*Предна страна:* златна посмртна маска (6 век пред н. е.), некропола „Требениште", Охрид; лево, две златни обетки со глава на лав (3 век пред н. е.), Охрид. На левата страна, горе, чунеста златна обетка со сфинга (4 век пред н. е.), с. Беранци, Битола, долу, цвет од афион.




*Задна страна:* цвет на опиумски афион (лат. *Papaver somniferum*); на десната страна, горе, чунеста златна обетка со сфинга.

# Погребните обичаи и верувања



Локалната аристократија во Македонија во 6 век пред н. е. имала посебни погребни ритуали. На ликовите на покојниците им ставале златни посмртни маски од тенок лим, коишто го имитирале нивниот изглед. На тој начин, тие и по смртта продолжувале да живеат, станувајќи божества.

Досега во Македонија се откриени пет златни маски од некрополите во Охридскиот Регион и една фрагментарна од некрополата кај битолско Беранци.

Предната страна на оваа банкнота ја краси една од четирите маски од некрополата „Требениште", Охридско. Денес таа се наоѓа во Народниот музеј во Белград, Србија.



Прстенестите обетки од злато со глава на лав се многу распространети во Македонија, а во мода биле од крајот на 4 до крајот на 3 век пред н. е. Биле работени под влијание на персиската уметност, како и останатиот накит којшто е со животински мотиви.

Како дел од главната претстава на аверсот на банкнотата се претставени и две вакви обетки од Охрид, од 3 век пред н. е.



Задната страна на банкнотата прикажува цвет на опиумски афион (лат. *Papaver somniferum*). Во Македонија се одгледува од 1835 година и е еден од најквалитетните во светот. Има седативни својства, заради што се произведува за медицински потреби.

Но, во далечното минато имал и поинакво значење и употреба. Неговото латинско ботаничко име во превод значи „афион што носи сон", заради опивните својства на некои негови состојки. Затоа долго време бил симбол на сонот, но и на смртта; имало верување дека сонот е привремена смрт. Во хеленско-римската митологија афионот бил погребен дар; симболизирал воскреснување по смртта.

Во Македонија, во 7 век пред н. е., било обичај во женските гробови да се ставаат култни предмети (сатчиња) од бронза, што наликувале на чашка од афион. Во сатчињата се ставал афионски катран, којшто предизвикувал религиозен занес при изведувањето на обредите од култот на богот Дионис.

Во некрополата во с. Беранци, Битолско, во женски аристократски гроб била пронајдена уште една чунеста златна обетка од 4 век пред н. е. Таа, исто така, претставува врвно златарско ремек-дело, а има и дополнителна апликација - сфинга (митско суштество со глава на жена, тело на лавица, крила на орел и опашка со змиска глава). Прикажана е во крајните горни агли на банкнотата - на аверсот во левиот, а на реверсот во десниот агол.



# 1000 денари




*Предна страна:* детаљ од иконата Богородица Епискепсис (почеток на 14 век), црква Мали Св. Врачи, Охрид; на левата страна, горе, ѕвезда од облеката на Богородица, долу, златна обетка со претстава на гулабица (3-2 век пред н. е.), локалитет Требенишко Кале, Охридско.




*Задна страна:* детаљ од фасадата на „Григориевата галерија“ (14 век), црква Св. Софија, Охрид; десно, златна обетка со претстава на гулабица; на десната страна, горе, ѕвезда од облеката на Богородица.

# Црковната архитектура и сликарството во средниот век



По освојувањето на Самоиловото Царство (1018 г.) и на неговата престолнина Охрид од страна на византискиот цар Василиј II, нивото на Охридската патријаршија било намалено и таа станала архиепископија. Средновековниот Охрид станал значаен центар којшто ги привлекувал најпознатите сликари и градители од тоа време. Охридската архиепископија им била верна на своите традиции и имала свои ктитори и специфични охридски култови, а во подоцнежните времиња (особено во 14 век) и сопствени сликарски работилници.

На предната страна на банкнотата е претставен детаљ од престолната икона Богородица Епискепсис (почеток на 14 век) од охридската црква Св. Кузман и Дамјан (Мали Св. Врачи). На оваа икона Богородица е насликана во цел раст со малиот Христос во десната рака. Во горните агли се насликани бистите на двајцата архангели, лево Гаврил, а десно Михаил. Од натписот може да се прочита дека Богородица го има епитетот Епискепсис (засолниште), а тоа се однесува на нејзината улога како света заштитничка, бидејќи чудесно помага секогаш кога е потребно.



На левата страна, долу, на предниот дел на банкнотата, како и десно од главната претстава на нејзината задна страна, е прикажана златна обетка со реалистична претстава на гулабица (3-2 век пред  н. е.). Откриена е на локалитетот Требенишко Кале, Охридско. Претставата на гулаб се поврзува со божицата на убавината и на љубовта Афродита, која во периодот од 3 до 1 век пред н. е. била особено почитувана. Оттаму, и гулабот како мотив бил омилен во изработката на накитот од тоа време.



Катедралната црква Св. Софија во Охрид е посветена на Исус Христос како божествена премудрост (Св. Софија). Нејзината изградба започнала најверојатно во времето на цар Самоил (10 век), а била обновена и насликана со фрески во времето на охридскиот архиепископ Леон (1037-1056).

Во 1313/1314 година, пак, за време на архиепископот Григориј, била изградена новата монументална надворешна припрата на црквата со галеријата (т.н. „Григориева галерија"). Таа се смета за врвно дело и за едно од најзначајните во доцновизантиската архитектура, воопшто.

Токму детаљ од фасадата на „Григориевата галерија" преовладува на задната страна на банкнотата.

# 5000 денари




*Предна страна:* бронзена фигурина на Бакха (Мајнада) во танц (6 век пред н. е.), Тетово; на левата страна, долу, позлатена евхаристична гулабица (13 век), Охрид, горе, смоква.




*Задна страна:* пес (Бехемот / Кербер) врзан за смоквино дрво, детаљ од подниот мозаик во нартексот на Епископската базилика (крај на 5 / почеток на 6 век), Хераклеја Линкестидска, Битола; на десната страна, горе, смоква.

# Култот на Дионис - неговиот симболизам и христијанската преобразба



Богот Дионис (Бакх) бил особено почитуван во антиката во Македонија. Тој бил бог на плодноста, на вегетацијата, на виното, на возобновувањето на природата и на животот, но и на смртта и на мистичните религиозни ритуали. Во празнувањето на неговиот култ учествувале и неговите придружнички Мајнадите, кои во Македонија се познати како Бакхи. Тие, танцувајќи во религиозен занес, станувале божествени и се поистоветувале со богот Дионис (Бакх).

На предната страна на парата е прикажана Бакха во танц, позната како „тетовска Менада". Оваа мала бронзена фигурина (9,4 см) од 6 век пред н. е. веројатно била дел од декорација на бронзен сад (кратер). Откриена е во гробница во Тетово, а денес се наоѓа во Народниот музеј во Белград, Србија.

Долу, на левата страна, е претставена позлатена евхаристична гулабица. Таа е пронајдена во Охрид и била дел од црковен инвентар. Изработена е во 13 век во работилница за емајл во градот Лимож, Франција.



Стариот град Хераклеја Линкестидска кај Битола, во некогашната македонска област Линкестида, името го добил според јунакот Херакле, митскиот предок на античките македонски кралеви. Познат е и како епископски христијански центар на јужна Пелагонија. Во ранохристијанските градби на Хераклеја Линкестидска се откриени и едни од најубавите мозаични подови, ремек-дела на ранохристијанската уметност во Македонија. Највпечатлив е подот во нартексот на Епископската базилика (крај 5 / почеток 6 век). Тој веродостојно и на сликовит начин ја прикажува идејата за христијанството. Некогашните симболи на култот на Дионис, паганскиот победник над смртта, се преземени и преобразени во новото христијанско верување. Такви се виновата лоза, антилопата, лавот, бикот, пантерот, дивиот јарец.

Задната страна на банкнотата прикажува детаљ од јужниот дел на мозаикот - пес беспомошно врзан за смоквино дрво. Тој го симболизира демонот на смртта Бехемот, христијанска варијанта на Кербер, триглавиот пес чувар на портите во светот на мртвите во хеленската митологија.



**Провери го своето памтење!**

Одговори на прашањата или дополни ги речениците:

1. Во кое древно кралство, пред повеќе од 2600 години, се направени првите ковани пари?
Во ..........................................................................................

2. Каде и кога започнала употребата на првите книжни пари?
Во ......................., во ...... век.

3. Според која античка валута го добила своето име македонската национална валута денар?
Според ..........................................................................................

4. Од што се изработуваат македонските книжни пари?
Од ..................................................................

5. Како се викала египетската божица чиешто мермерно торзо е прикажано на предната страна на апоенот од 10 денари?

..........................................................................................

6. Која птица од подниот мозаик во крстилницата на Епископската базилика во Стоби е прикажана на задната страна на парата од 10 денари?

..........................................................................................

7. На кој византиски цар му припаѓала бакарната монета прикажана на предната страна на банкнотата од 50 денари?
На ..........................................................................................

8. На задната страна на парата од 50 денари е претставен Архангел ........................, детаљ од фреската Богородица со Исус Христос на престол, во црквата Св. Ѓорѓи, с. Курбиново, Ресен.

9. Од кој период (година) е изгледот на градот Скопје прикажан на гравурата на задната страна на апоенот од 100 денари, виден низ албански прозорец?
Од .......... година.

10. Што се ставало на лицата на покојниците кај локалната аристократија во Македонија во 6 век пред н. е.?

..........................................................................................................................................................

11. На задната страна на банкнотата со вредност од 500 денари е прикажан цвет од ....................

12. Престолната икона на ............................................... чиј детаљ е прикажан на предната страна на парата од 1000 денари е од црквата Мали Св. Врачи, Охрид.

13. Што е претставено на задната страна на банкнотата со вредност од 1000 денари?
Детаљ од ..............................................................................................................................

14. Како се нарекувале придружничките на богот Дионис (Бакх) во Македонија?

..........................................................................................................................................................

15. Во кој објект во Хераклеја Линкестидска е откриен подниот мозаик, чијшто детаљ е прикажан на задната страна на банкнотата од 5000 денари?
Во ..........................................................................................................................................

Креирај изглед на своја книжна пара!

Предна страна:

Задна страна:

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

930.85(036)

ПАВЛОВСКА, Ефтимија
Убавините на Македонија во твојот паричник : [авторка Ефтимија Павловска]. - Скопје : Народна банка на Република Македонија, 2016. - 40 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-9989-107-31-3

а) Македонија - Културна историја - Водичи
COBISS.MK-ID 101612810